# ПРОГРАМА

**09.30-10.00 Регистрација на учесници**
**10.00-10.15 Отварање на симпозиумот**

## 10.15-10.50 Проф. Д-р. Анета Атанасовска Стојановска



**Стоматолошки факултет - Скопје, Р.Македонија**

**"Современи методи во идентификација на периопатогени и дополнителни методи за нивна успешна елиминација"**

Пародонтопатијата во светски рамки е е водечка причина за губиток на забите што предизвикува функционални и естетски проблеми кај пациентите. Ако на ова се додаде и фактот дека периимплантите се предизвикани исто од овие периопатогени, нивната успешна идентификација и елиминацијата е императив за успешен третман на пародонталната болест, нејзините компликации локални и системскикако и векот на траење на имплантите. Предавањето ќе ги покаже најсовремените методи за квантифицирање и квалифицирање преку PCR (polymerase chain reaction) техника, по што ќе се разгледаат и тераписките можности преку примена на ласер терапија, светлосно активирана дезинфекција (Light activated disinfection), како и кратко запознавање со улогата и употребата на пробиотиците како линк помеѓу бактериските видови и оралната инфламација.

## 10.50-11.25 Проф. Д-р. Ивона Ковачевска



**Факултет за медицински науки - студиски програм по дентална медицина, УГД Штип,**

**"Тераписки модалитети кај третите молари"**

Третите молари претставуваат специфични заби сами по себе пред се поради топографијата, анатомијата и морфологијата како на коронарниот дел, така и на коренскиот и каналниот систем. На почетокот од 21 век, се уште тераписки пристап за овие заби, независно во која вилица се сместени, претставува екстракцијата. Тераписките процедури, посебно на сложените форми, временски дефинирале различни медикаменти и протоколи. Во презентацијата ќе се осврнеме на различните тераписки концепти и протоколи во терапијата на третите молари, повеќе од конзервативен карактер, секако во колку постојат услови и можности.

## 11.25-12.00 Доц. Д-р. Иван Ристиќ



**Медицински факултет - Студиски програм по стоматологија, Ниш, Р.Србија**

**"Влијанието на едукацијата и обуката на квалитетот на определување на боја на заби"**

Точното определување на бојата на забите може да биде голем предизвик за голем број на стоматолози и забни техничари. Едноставна споредба на бојата на забите со модели од клучевите за одредување на бојата на забите може да доведе до поголеми или помали грешки. Прилагодување на постојните и создавање на нови програми за обука, како и продолжување на едукацијата определување на боја, овозможи стоматолозите и забните техничари да се здобијат со вештини кои им овозможуваат попрецизно да ја одредат бојата на забите. Во предавањето ќе се разгледа и протоколот за определување на боја Color Matching Curriculum (CMC) и тренинг програмот Dental Color Matcher (DCM) на Society of Color and Appearance in Dentistry (SCAD)- организацијата која се бави со боја во денталната медицина.

**12.00-12.30 Пауза**

## 12.30-13.05 Доц. Д-р. Иван Димитров Герџиков



**Катедра по протетска дентална медицина, Факултет по дентална медицина, Софија, Р.Бугарија. Асоцијација Софија Дентал Митинг**

**"Протетско лечење кај пациенти со онколошки заболувања во усната празнина"**

Актуелноста на темата се условува од зголемениот онколошки морбидитет во максилофацијална област. Презентацијата ќе ги разгледува основните принципи и фази на рехабилитацијата на овие болни што е сложен процес поврзан со надминување на бројни тешкотии и голем број проблеми што мора заеднички да го работат максилофацијална хирургија и протетиката. Ова бара примена на специфични техники за земање на отпечатоци и изработката на различни видови на протететски помагала Поради различниот обем и локализација на болеста создадените проблеми се специфични за секој пациент, што го отежнува спроведувањето на единствениот пристап за лекување. Предавањето ќе ги покаже основните принципи во максилофацијална протетика, вклучувајќи и оригинална методологија за изработка на помагала кај пациенти со максиларна ресекција, како и современа методологија за истражување на дишењето со акустична ринометрија која се користи кај пациенти со максилофацијална

## 13.05-13.30 Д-р. Бруно Николовски



**ПЗУ Етерна Дент - Скопје**

**"Нови можности во откривање на оралните премалигни и малигни лезии"**

Првичен и вообичаен начин да се открие промена или заболување е преку визуелен преглед на суспектното ткиво. Овде, Ви претставуваме нов метод со кој се оптимизира визуелниот контраст врз основа на спектралните разлики помеѓу здравите и афицираните ткива, благодарение на автофлуорес-ценцијата, која се нотира како различно обојување кога ткивото е изложено на енергија со бранова должина помеѓу 375 и 440 nm. Флуорохромите присутни во оралниот епител и субмукозата, биваат "возбудени" и покажуваат флуоресценција во опсег на зелената боја. VELscope® системот ја користи автофлуорес-ценцијата на оралните ткива како нов и целосно неинвазивен метод за скрининг на мукозни промени, и овозможува рана детекција на потенцијални преканцерози, орален карцином и други орални заболувања, а со тоа се позиционира како напреднато ниво на превентивна заштита. Преку ова предавање ќе бидат претставени главните карактеристики на оваа помошна дијагностичка алатка и ќе одговориме на најчесто поставуваните прашања и дилеми околу

**13.30 Дискусија**
**Доделување сертификати**

**КОТИЗАЦИЈА: ----- 1500,оо ден.**

**за членови на ДДДМ со платена членарина за 2017 ----- 1400,оо ден.**

**Уплати се примаат до пополнување на бројот на предвидени учесници и со точно име и презиме и број на лиценца**

**530 0703019006-93** - Охридска Банка

Корисник: ДДДМ Куманово

Информации на тел: +389 31 42 35 37, +389 70 313 648





Medimak Skopje

VIK Dental

ДЕНТОМЕД-М

SVETLOST MEDICINA KAVADARCI

NanoCureTech NBF Gingival Gel

Дијамант Дент
моб. 078/ 514-904
e-mail: kristijan.arsov@gmail.com

LISTERINE®

CURAPROX

BLACK IS WHITE CURAPROX

Colgate®



# ДДДМ

Илинденска 5а 1300 Куманово
тел. +389(0)31 423-537, 070 31 36 48

**www.dentalmakedonija.org**
E-mail: stomatoloskozdruzenie@yahoo.com
dentalmakedonija@gmail.com


# СИМПОЗИУМ
## СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО:

# "Актуелности во дентална медицина"

**30.06.2018**
**Хотел СИРИУС**
**Струмица**

Симпозиумите се акредитирани од стручната комисија на Стоматолошка Комора на Македонија со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество